Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скаратена наставна програма по наставниот предмет **Иновации** за **IX (деветто) одделение** на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година.

1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Иновации** за IX **(деветто) одделение** на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со неделен фонд од 1 час се предвидуваат 32 часа во скратената наставна програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. ПРЕГЛЕД НА ТЕМИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Тема 1: **Развој на личен профил – Кој е претприемач?** (4 часа)

Наставни единици:

- Интереси и амбиции - Личен профил
- Претприемачки компетенции – вештини и однесувања

- Кариерни можности и извори на информации за кариера
- Кратка биографија

Тема 2: **Претприемачка околина – Кои се можностите?** (4 часа)

Наставни единици:

- Глобализација
- Поим и значење на претприемништвото и претприемачките процеси
- Карактеристики на претприемачот

Тема 3: **Производствени и услужни процеси – Создавање на вредност** (6 часа)

Наставни единици:

- Потреби - Барање можности за бизнис
- Креативност, инвентивност и иновации
- Фактори на производство и видови на производствени и услужни процеси
- Производи и услуги
- Развој на претприемачки идеи

Тема 4: **Основи на финансиска писменост, маркетинг и продажба** (12 часа)

Наставни единици:

- Поим за пари, финансии и финансирање
- Извори на финансирање

- Буџет и буџетирање
- Улога и суштина на маркетингот - Основни инструменти на маркетингот
- Продажба

Тема 5: **Развој на комуникациските вештини – Што научив?** (6 часа)

Наставни единици:

- Претприемачко учење
- Тимска работа
- Организирање настан и презентирање на наученото

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните единици во скратената наставна програма по наставниот предмет Иновации за IX (деветто) одделение на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година го даваат текот на реализацијата на наставниот материјал. Според потребите, наставниците самите го распределуваат предвидениот скратен фонд на часови наменет за новите содржини, за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување, реализација на проекти, организирање настани и сл.

За постигнување на целите на учење, во процесот на поучување наставникот треба да применува методи и форми на активна настава. При разработка на новата наставна единица, наставникот треба постојано да ги вклучува учениците во текот на часот преку прашања и одговори, искажување на ставови, дискусии и сл. Со техниките на учење што ќе ги применува наставникот ќе се овозможи развивање на критичкото размислување кај учениците, способност за самостојно истражување, анализирање и решавање на проблеми.

Следењето на постигањата на учениците наставникот индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во нивното учење.

Заради постигнување на целите од редовната наставна програма по наставниот предмет Иновации планирано е примена на различни наставни средства и помагала: учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење, компјутерска и мултимедијална опрема, ЛЦД проектор, аудио-визуелни наставни средства, Интернет, образовни софтвери, дигитални содржини, образовни платформи, апликации и др. согласно условите и можностите на училиштето.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Иновации** за **IX (деветто) одделение** на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година ја утврди

Бр.12-8424/55 Министер за образование и наука

16.9.2020 Мила Царовска